ВИКЕНДОВ ОДРЖАН ПРВИОТ ФОРУМ

# Крушевчани одушевени од проектот за етно град

**■ Пред повеќе од 300 присутни, за проектот со кој градот би требало да стане туристички и културен бисер зборуваа идејниот творец Ранко Петровиќ, Љупчо Бубо - Каров и градоначалничката на Крушево Ефкија Гаџовска. Форумот го поддржа Министерството за економија**



*Проектот е претставен како културно востание, а крушевчани за него ќе бидат сложни како илинденците од 1903*

Завчера во Крушево, во организација на НВО "Прима центар", а поддржан од градот и од Министерството за економија, се одржа првиот форум за проектот "Крушево етно град". На форумот, покрај идејниот творец на проектот Ранко Петровиќ ( Буба мара), присуствуваа и говореа популарниот Љубчо Бубо - Каров од К-15, кои го поддржаа овој проект, претставници од Музејот на Крушево, како и градоначалничката на Крушево Ефкија Гаџовска. Таа пред повеќе од 300 присутни порача дека овој проект е голема шанса Крушево конечно да излезе од транзицискиот лавиринт, за што, како што рече, ќе биде потребно сите вработени во Општината, во Музејот и самите граѓани максимално да се посветат за да почне тој да се реализира.

Бубо Каров, пак, кажа дека ова е прекрасна идеја чија реализација е веќе поддржана од многу јавни личности, институции и медиуми, а на крушевчани им порача да веруваат во успех, да дадат поддршка на ова културно востание и да бидат сложни како илинденците во 1903.

Ранко Петровиќ објасни што сé опфаќа проектот, меѓу другото, и дека главниот дел од настанот треба да се одржи следното лето кога Крушево ќе стане централна туристичка и културна дестинација, а од што Крушево и неговите граѓани ќе имаат огромна корист,

"Проектот ´Крушево етно град´ полека прераснува во проект од национален интерес, а целта е на овој начин најдобро да ја претставиме нашата историја и Крушево кое за неколку години треба да стане туристички и културен бисер, без ниту еден невработен граѓанин", рече Петровиќ.

Инаку проектот "Крушево етно град" е предложен во Министерството за култура како програма која би се финансирала од Буџетот за следната година. ***(Д.С.)***

АКАДЕМИЦИТЕ ЈА ОДБЕЛЕЖАА 100-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ВЕЛИКАНОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА

# "Рацин е национален поет од највисок ранг"



*На собирот присуствуваа голем број академици, писатели, архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан и поранешниот претседател на Македонија Киро Глигоров*

Во присуство на голем број академици и писатели, архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан и поранешниот претседател на Македонија Киро Глигоров, вчера во Македонската академија на науките и уметностите се одржа свечен собир, посветен на 100-годишнината од раѓањето на основоположникот на современата македонска книжевност Коста Солев - Рацин.

"Македонската земја беше натопена од неговиот дух, а неговиот дух беше натопен од неговата земја. Затоа, неговите песни се претопени во нас и го прават национален поет од највисок ранг", рече, меѓу другото, претседателот на МАНУ академик Георги Старделов, и додаде дека идната година се навршуваат 70 години од објавувањето на стихозбирката "Бели мугри".

Беседи за Рацин читаа академиците Матеја Матевски, Гане Тодорвски и Влада Урошевиќ, а стихови читаше актерот Владимир Јачев.

***фото и текст: (Б.Н.)***